Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-407/9**
**14.04.2026 година**

Врз основа на член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 460/2023 - Анекс) и член 66 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 418/2019), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на ден 14.04.2026 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**за формирање Комисија за одбрана на докторски труд**

1. Се формира Комисија за одбрана на докторскиот труд со наслов: „Епидемиологија на ехинококозата кај домашните преживари во Република Северна Македонија, изработен од Љубица Рашиќ, студент на трет циклус - докторски студии на студиската програма Ветеринарна медицина, во следниов состав:

- Проф. д-р Александар Цветковиќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје - претседател
- Проф. д-р Јована Стефановска, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје - ментор
- Проф. д-р Игор Цацовски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје - член
- Проф. д-р Куртеш Шерифи - редовен професор на Факултетот за земјоделство и ветеринарство, Приштина, Р. Косово - член
- Проф. д-р Мирко Проданов, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје – член.

2. Комисијата е должна во рок од три месеци од денот на добивање на одлуката да поднесе извештај за одбрана на докторскиот труд до Советот на студиската програма за трет циклус студии по Ветеринарна медицина и до Наставно-научниот совет на Факултетот.

3. Извештајот на Комисијата за одбрана на докторскиот труд се изготвува согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

4. Докторскиот труд да се објави на веб страната на Факултетот и да биде достапен за јавноста најмалку 30 дена од денот на објавата.

5. Извештајот за одбрана докторскиот труд, пред да биде доставен до Наставно-научниот совет, да се објави во Билтенот на Универзитетот.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан,
Проф. д-р Деан Јанкулоски

Доставено до:
1. Кандидатот
2. Членовите на Комисијата
3. Архива
4. Досие



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk